**З А П И С Н И К**

Од триесет и деветтата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 30.10.2024 година, (среда) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 13** советници.
**Отсатни: Адем Јетмир Јашари и Бујамин Рушити**

Седницата ја отвори и ја водеше Најстариот член на Советот Дончо Симјановски и кажа дека ќе имаме уште две дополнителни точки и констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

**1.**Разгледување и усвојување на записниците од двете итни (вонредни) седници и од триесет и осмата седница на Советот на општина Брвеница.
2. Предлог-Годишна Програма за изменување и дополнување на Годишната Програма за работа во оoбласта на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Брвеница за 2023/2024 година.
3.Предлог-Одлука за усвојување на План за заштита и спасување на општинскиот објект на општина Брвеница од природни непогоди и други несреќи.
4.Разгледување и усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на општина Брвеница за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година.
Најстариот член на Советот Дончо Симјановски праша дали има уште некој за измени и дополнувања на дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Најстариот член на Советот Дончо Симјановски дневниот ред со двете дополнителни точки го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на записниците од двете итни (вонредни) седници и од триесет и осмата седница на Советот на општина Брвеница,, најстариот член на Советот Дончо Симјановски ја прочита истата и праша дали има забелешки на дневниот ред.

Најстариот член на Советот Дончо Симјановски отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, најстариот член на Советот Дончо Симјановски точката „Записниците од двете итни (вонредни) седници и од триесет и осмата седница на Советот на општина Брвеница,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 13 советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, „Предлог-Годишна Програма за изменување и дополнување на Годишната Програма за работа во оobласта на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Брвеница за 2023/2024 година,, , најстариот член на Советот Дончо Симјановски збор му даде на Председателот на Комисијата за урбанизам и ЛЕР.

Председателот на Комисијата за урбанизам и ЛЕР зеде збор и кажа, комисија имаше само една точка и истата ја поминавме, сега збор му давам на соодветниот од општината да ја образложи точката.

Соодветната од општината кажа, општината за да може да располага со Градежното земјиште што е сопственост на РСМ а е на територијата на општина Брвеница мора да има формирано комисија за градежно земјиште и да има донесено Годишна програма за Градежно земјиште каде што ќе бидат вметнати сите парцели кои што се предмет на продажба. Ние имаме формирано комисија за Градежно земјиште и имаме донесено и Годишна програма за работа во обласа на располагање со Градежно земјиште сопственост на РСМ. Таа програма е донесена 12 месец минатата година и во таа годишна програма се опфатени парцели во Челопек и парцели во населено место Теново. Истиот месец на итна седница е направена измена на оваа програма каде што се додадени и парцелите во С. Волковија и урбанистичкиот план за село Волковија со парцелите наменети за домување коишто веќе дел од нив се со јавно наддавање продадени. Ова е втора измена на оваа програма кај што се додава уште еден урбанистички план за с.Стенче и е усвоена на итната седница на 09.10.2024 од страна на Советот. Парцелите што се опфатени од овој план мора да бидат вметнати во оваа Годишна програма за да можат да бидат предмет на јавно наддавање, поради тоа и планот и 11 парцели кои што се дел од овој план сега се вметнуваат во годишната програма со измена и дополнување.

Најстариот член на Советот Дончо Симјановски отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Најстариот член на Советот Дончо Симјановски точката „Годишна Програма за изменување и дополнување на Годишната Програма за работа во оobласта на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Брвеница за 2023/2024 година. ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 13 советници.

**III**

По однос третата точка на дневен ред, „Предлог-Одлука за усвојување на План за заштита и спасување на општинскиот објект на општина Брвеница од природни непогоди и други несреќи,, Најстариот член на Советот збор му даде на Соодветниот од општината да ја образложи точката.

Соодветниот од општината кажа, согласно Законот за заштита и спасување секоја јавна установа треба да има план за заштита и спасување на вработените и на луѓето кои што ќе бидат тука во истиот објект, што ќе се затечат. Во почетоткот на самиот план се напишани просториите и по колку квадрати се истите, колку вработени има внатре и колку често е посетена од странки. Во друг дел е напишано какви ризици се можни во општинската зграда на пример како што се пожари, поплави, земјотреси и.т.н. Се пишани мерки во случај на појава на вакви несакани ризици, како и каде треба да се движат вработените. За секоја активност имаме направено групи од вработените во општината, и имаме направено координативно тело кое што ќе ги координира сите групи .

Најстариот член на Советот Дончо Симјановски отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, дали општината има предвидено средства за оваа програма, и ако има колку средтсва се тоа.

Соодветниот од општината кажа, кога се увојуваше Буџетот од страна на Советот, има една ставка за заштита и спасување и има една симболична сума од 200.000 денари. Во самата програма се предвидени по ставки кое колку чини. Ќе се набавуваат постепено како ќе има потреба и ќе се набавуваат вакви работи кои се неопходни за ваква заштита. Исто така е предвидена и обука на вработените за да се справат со поединечните активности.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за усвојување на План за заштита и спасување на општинскиот објект на општина Брвеница од природни непогоди и други несреќи,, , ја стави на гласање и за истата беше едногласно прифатена од присутните 13 советници

**IV**

По однос четвртата точка од дневниот ред „Разгледување и усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на општина Брвеница за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година.

Најстариот член на Советот Дончо Симјановски збор му даде на Председателот на комисијата за финасии.

Председателот на комисијата за финасии кажа, ние на седница на комисијата точката ја префрливме на седница на Совет, тука да ни ја образложи соодветниот од општината.

Најстариот член на Советот Дончо Симјановски збор му даде на соодветниот по финансии.

Соодветниот по финансии кажа, како секоја година така и оваа во третиот квартал образлагаме за реализација на Буџетот на општината а бидејќи се работи за извештај тука немаме што да измениме и единствено може само да прашате нешто и истото да ви се објасни. Кај основниот Буџет од 127.507.000 реализација кај приходите имаме од 63.811.000 или 50,05% а кај расходите од 127.507.000 имаме реализација од 60.007.000 или 47,29%. Кај самофинансирачките каде што е градинката трииљади и нешто отидоа кај Коста Рацин, односно и од 1.443.000 кај приходите реализација имаме 754.000 или 52,27%. Кај расходите од 1.443.000 реализација имаме 485.000 или 33,63%. Кај дотациите од 128.919.000 кај приходите каде што ги имаме школите и градинката се реализирани 100.622.000 или 78,05%, кај расходите од 128.919.000 реализирани се 98.426.000 или 76,35%. Кај донациите проектот со УНДП продолжи и понатаму, од 510.000 кај приходите од 308.000 или 60,47%, кај расходите реализирани се 275.000 или 54%. Или вкупниот Буџет со основниот, со блок дотациите, донациите, самофинансирачките од 258.379.000 приходи реализирани се 165.496.000 или 64,05%. Кај расходите од 258.379.000 реализирани се 160.804.000 или 62,24%. Инаку можам да кажам дека добро стоиме со реализација на Буџетот. Уште кај долговите во К2 има и во образложението, од 27.224.000 во покрупни долгови е кредитот 19.926.000, милион-милион и нешто е каматата.

Толку накратко имав да кажам, доколку некој има нешто да праша, повелете.

Најстариот член на Советот Дончо Симјановски, отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Квартален Извештај за извршување на Буџетот на општина Брвеница за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од 13 присутните советници.

**V**

По однос на петтата и дополнителна точка од дневниот ред „Предлог-Оперативен план за Зимското одржување на локалните патишта на територијата на Општина Брвеница„ најстариот член на Советот Дончо Симјановски збор му даде збор на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината зеде збор, ја образложи точката и кажа, како и секоја година се носи оперативен план за зимско одржување на локалните патишта и улици на територијата на општина Брвеница. Треба да бидеме спремни за одржување на патиштата, ние како општина сами со свои сили и со помош на механизацијата на ОЈП сме опремени така што немаме никакви проблеми. Во делот на абразивни средства во делот на фрлање сол, во почетокот на овој месец сол имаме однесено во с.Гургурница бидејќи се смета еден од потешките патни правци за одржување. Како и секоја година територијата е поделена на три зони или три пункта од кои : Првиот пункт е Брвеница – Д.Седларце, Вториот Челопек, Блаце, Милетино, Теново и Радиовце, и Третиот пункт е Стенче, Волковија и Гургурница. За секој пункт ќе има обезбедено возило за чистење на снег и абразивни средства.

Како прв приоритет за чистење на улици ќе биде главните улици низ населените места на општина Брвеница, потоа следуваат улиците кои што водат до виталните објекти како што се цркви, џамии, амбуланти и.т.н. Вториот приоритет се споредните улици, пред неколку години беше спомнато на совет со чистење да им се помогне и на сточарите па може и на деловните објекти. И трет приоритет ќе бидат и другите улици ако се заврши целата постапка како што треба.

Најстариот член на Советот Дончо Симјановски отвори расправа и кажа, локалната самоуправа како и до сега работата ќе си ја врши професионално, и потешкиот терен е секогаш одржан. Ќе ја дочекаме зимата спремно.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, не сме имале проблеми до сега, и немавме некоја тешка зима. Нашата општина е мала, имаме камиони, багери целосна механизација и треба да обврнеме внимание и кај фармерите.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Оперативен план за Зимското одржување на локалните патишта во Општина Брвеница „ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на пристутните 13 советници.

**VI**

По однос на шесттата и дополнителна точка од дневниот ред „Исплата за средства за превоз на ученици од ООУ „ Коста Рацин „ с. Брвеница до училиштето во Горни Челопек најстариот член на Советот Дончо Симјановски збор му даде на Директорот на Училиштето.

Директорот на Училиштето зеде збор и кажа, мислам дека сите знаете за реновирањето на училиштето, и сега нашите ученици одат во училиштето 7 Марси во с.Д.Челопек бидејќи втора смена нема ученици и е слободно, така што ни излегоја во пресрет да одат нашите ученици со редовна настава и со физичко присуство кај нив. Сега за да сето тоа да се реализира потребен е превоз на уцениците. До крајот на првово полугодие ќе нема да биде готово нашето училиште и ќе ни биде потребно за уште два месеци превоз, а веќе во второто полугодие се надеваме дека училиштето ќе биде завршено, бидејќи рокот им е до 15.01.2025 година. Превозот во еден правец е од страна на нашата општина со нашиот автобус, се прават повеќе тури за сите деца да бидат донесени кога ќе им завршат часовите.

Најстариот член на Советот Дончо Симјановски зеде збор и кажа, поради итноста на превозот на учениците Локалната Самоуправа ги ангажираше Башким-Турс и сега треба да се одобрат средства за да се плати превозот за учениците.

Најстариот член на Советот Дончо Симјановски отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, ја поздравувам иницијативата што се одлучи децата да одат со физичко присуство а не онлајн, сакам да прашам дали постои некој план колку ќе чини оваа програма за да се плати транспортот на учениците. Колку средства треба да се предвидуваат за да се реализира сето ова. Дали за ова имаше јавна набавка за да ја знаете точната сума.

Директорот зеде збор и кажа, превозот во еден правец е 7380 ден. а за враќање е од страна на нашата општина со нашиот автобус, се прават повеќе тури за сите деца да бидат донесени кога ќе им завршат часовите. Сега има отворено јавна набавка која е во тек, а бидејќи нашиот случај беше итен првиот месец се склучи договор со Башким Турс.

Повторно за збор зеде Дончо Силјановски и кажа, само за информација, поради итноста во првиот момент беа контактирани повеќе компании каде што Башким Турс беше со најповолна цена. Градоначалникот одлучи за да се заштедат средства да ги носат децата само во еден правец, а потоа со општинскиот автобус бидејќи е слободен после 13 часот, да ги враќа децата назад.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Исплата на средства за превоз на ученици од ООУ „ Коста Рацин „ с. Брвеница до училиштето во Горни Челопек., , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши триесет и деветтата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**

**Бујамин Рушити**

**Бр.08-1397/2**
**30.10.2024 год.**
**Брвеница**